РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2040/2
16-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница, одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2040/1 од 28.07.2025 година, со наводи против ------------- службеници вработени во ------- и други физички лица поради сомневање за злоупотреба на службената положба и вршење на незаконити дејствија во период 2010-2025 година**, СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува,

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи.

Предметот со број 12-2040/1 од 28.07.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 28.07.2025 година, поднесена е пријава, без прилози, по која е оформен предмет број 12-2040/1 од 28.07.2025 година.
Во доставената пријава изнесени се наводи против ----------- службеници вработени во ------- и други физички лица поради сомневање за злоупотреба на службената положба и вршење на незаконити дејствија врз подносителот (закани, уцени и притисоци) и хронолошки се наведени дејствијата кои биле

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

извршувани во период од 2010 до 2025 година со кои на подносителот на пријавата му била нанесена штета по неговото здравје.

За предметниот случај биле известени и други надлежни органи (ПС Бит Пазар, ПС Беко, ПС Аеродром, Внатрешна контрола на МВР, но подносителот на пријавата нема информација дали и како е постапено по пријавите поднесени од негова страна.
Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По разгледување на доставената пријава ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува и доставената пријава ќе се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б, член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата